**20160421101**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 85- ќ став (2) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ВРЗ ОСНОВА НА РЕАЛНО НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ОЦЕНА НА ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместокот врз основа на реално направените трошоци за полагање на првиот и вториот дел од стручниот испит за оцена на влијание на проект врз животната средина и за полагање на првиот и вториот дел од стручниот испит за оцена на плански документи врз животната средина (во натамошниот текст: стручен испит).

Член 2

Висината на надоместокот од член 1 на овој правилник изнесува 12.000 денари.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-513/2
25 февруари 2016 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Нурхан Изаири**, с.р.